# ПРЕСЕК 2003

6 : 1

# ПРЕСЕК 2003

АНТОНИ МАЗНЕВСКИ, ЖАНЕТА ВАНГЕЛИ
ИГОР ТОШЕВСКИ, ИСИЈАНИН-ИСИЈАНИН
ИСКРА ДИМИТРОВА, МОНИКА МОТЕСКА,

Изложбата претставува презентација на дела од неколку македонски автори, со кои веќе се претставиле во Македонија или надвор од неа. Спојката која ги обединува сите нив е потрагата по есенцијалноста на нештата, по суштественоста соголена до максималност, која без разлика на медиумот во кој се пројавува, носи заедничка нитка. Таа заедничка нитка се пројавува пред се во односот кон нештата, кон стварноста која сите автори ја доживуваат гледајќи ја одвнатре, копајќи по внатрешните траги на своето битие. Од таа причина идеите кои ги разработуваат се однесуваат на животот, на смртта или на уметноста во онтолошка смисла, или пак пројавуваат интерес кон секојдневната стварност и носат еден своевиден ангажман.

На изложбата Пресек 2003 делата претрпуваат своевидна трансформација, во зависност од локацијата каде се поставени и со тоа добиваат една нова димензија и нов сензибилитет.

Битола 20-30 септември 2003
(отворање на 20.септември во 21.00 во просториите на З.М.Г.)

# Антони Мазневски

Творечкиот опус на Мазневски е концентриран околу две прашања: оние врзани за медиумите и оние за крајот. Во неговите почетни проекти евидентно е разработувањето на телевизијата како медиум, присутен било како тест-сигнал (во сликарската серија), било како објект (во неговата подоцнежна фаза на инсталации). Користејќи стари телевизорски апарати, Мазневски всушност ги користи ефектите од катодната цевка како би можел да почне да ги исцртува, а нешто подоцна и да ги испишува неговите разбирања за просторот и идејата за крајот. Оваа последнава подоцна ќе го насочи неговиот интерес кон различните прикажувања и разработки на оваа актуелна тема. Било да се работи за нејзино имплицитно нагласување, било да се препознава во неговото амбиентално сугерирање, концептот на крајот којшто Мазневски го разработува е од онаа песимистичка варијанта, којашто во проектот *е се ессе* е доведена дури до апсурд.

Разнородноста на исказите и употребените медиуми коишто тој ги користи го прават творештвото на Мазневски едно од поактуелните во македонската современа уметност.

"Тоа и Јас" беше прв пат поставено во CIX галеријата во Скопје.

# Жанета Вангели

Опусот на Вангели претставува еден од најкомплексните во поновата македонска уметност. Протегот на темите на нејзиниот интерес се движат воглавно во рамките на зафаќањата со општествената стварност. Таквиот нејзин ангажман е проследен со невообичаена проникливост и способност да се издвојат суштествените аспекти на општествената стварност и при тоа да не дојде до нивно банализирање, туку напротив, во рамките на улогата на уметникот, да даде своевидни видувања без намера нештата да ги поедностави, туку да им даде специфично видување. Вонредната продукција на ваквите пристапи се надополнува и со слободната употреба на сите оние медиуми и техники коишто во најдобра можна мерка ќе одговорат на проектните барања. Така проектите на Вангели не можат да бидат врзани исклучиво за одредени медиуми, бидејќи тие воопшто не се предмет на нејзиниот интерес, туку напротив, ги става во функција на потполно остварување на нејзините критички осврти. Во оваа смисла впечатливо се наметнуваат нејзините пристапи и коментари кон новата религиозност, политиката, минатото, културните стереотипи, националниот идентитет, државноста и сл., што ја прави еден од најангажираните автори денес во Македонија.

Неопходна жетва беше прв пат презентирана на Венецијанското Биенале оваа година.

# Игор Тошевски

Творештвото на Тошевски е проследено со еден постојан интерес кон егзистенцијалните аспекти на современието во коешто живее. Неговите почетни делувања, особено оние во рамките на Групата Зеро, а секако и првите самостојни изложби го прикажуваат како автор заинтересиран за случувањата на субјектот, внатре во него. Колажите-конструкциите-објектите коишто ќе ги работи во овој период ќе го третираат засегањето на позицијата на уметникот во стварноста од онаа интровертна, аутистичка страна. Подоцна, тој радикално го свртува својот интерес и почнува да говори за случувањата надвор од него. Поточно, неговиот завршен циклус (Dossier) на овие истражувања го исфрлаат во најактуелната група на уметници во Македонија токму заради зафаќањето со аспектите на општествената стварност. За неа тој говори од ракурс на субјект за деконструктиабилноста на таа стварност прикажувајќи ги нејзините најкрајни (а со тоа и највпечатливи) последици. Но, ваквиот ангажиран пристап на Тошевски не прави од него промотор на општествените промени токму заради неговата свесност дека улогата на уметникот и уметноста денес е онаа којашто се занимава со констатирањето на состојбите многу повеќе отколку борбата за нивна промена.

Инсталацијата "Совршена рамнотежа" беше прв пат поставена во Музеј на град Скопје, во 2002 година.

# Група “Елементи” (Исијанин-Исијанин)

Во почетоците на делувањето, 1992 година, групата ја сочинуваат неколку членови, од кои до денес остануваат само Билјана Петровска Исијанин и Љупчо Спировски Исијанин. Нивните први дела секогаш ја следеа насоката на спротивставување на вообичаените шеми на презентирање во јавноста, поведени од идејата дека не постои историја вредна за раскажување и дека она што било не зборува поубедливо од она што е. Затоа нивните перформанси беа најчесто облик на не-делување, во кои моменти свесно се доживува сопственото тело. Делувањето во јавни простори беше и се уште е една од главните одлики на нивните дела, како и желбата да се делува во местото каде се живее- потреба за создавање предизвикана од недостаток на полно живеење во една урбана средина; јавна уметност не само заради избраните локации, туку и заради непосредното влијание на средината од која зависеше изгледот на самите дела.

Со неодамна зачнатата идеја за ослободување од уметноста , се создадоа услови за доживотно исцрпување на една иста тема. Ослободувањето од стегите на уметноста само по себе е противречно, но затоа пак отвора можности за постојано преиспитување - на уметникот, на општеството, на човекот пред се.

Комјутерската инсталација Free of Art прв пат е поставена во Галериа Арсенал во Биалисток - Полска, на меѓународната изложба

# Искра Димитрова

Димитрова претставува еден од најплодните автори во последните години не само според обемот на продукцијата, туку пред се заради опфатот на темите и пристапите на нивните разработки. Во почетните настапи Димитрова преку перформансите изведувани на отворено ги засега аспектите на обредното и тоа усредиштувајќи го интересот кон темата на женското.Најдоследна во потрагата и елаборацијата на примордијалните структури,темелени врз искуствата на традицијата на регионот,таа, и самата вклучена во ритуелната изведба, ги поставува специфичните женски и космички принципи. Во следната фаза таа ги разработува сега веќе андрогините аспекти надополнети со филозофско обмислување за разлики-те/сличностите на половото. Најновите нејзини предизвици се движат во рамките на поставување на антрополошките прашања во доменот и преку дигиталните медиуми. Перформативноста на Димитрова остава впечаток на сериозно и длабоко филозофско обмислено творештво кое значајно ја исцртува физиономијата на македонската рецентна уметност.

Видео инсталацијата "Без наслов" (script debugger), е прв пат презентирана во Dundee Center for Visual Arts, Scotland.

# Моника Мотеска

Мотеска на македонската сцена се јавува со еден исклучив и невообичаен приод на телото. Иако најчесто таа го вклучува /употребува сопственото тело во проектите,сепак нејзе тоа не и е примарно. Користејќи ги можностите на видеото, нејзините инсталации воглавно говорат за проблемите на женскиот идентитет, односно расправаат за двојниот идентитет на жената. Во една прилика женското тело е поставено во ситуација во којашто е газено од друго женско тело, во друга телото е отиснато на свилено платно, во третата телото е метата за гаѓање со ножеви. Низ овие неколку примери Мотеска ги истакнува третманите на женското тело како сексуален објект или како објект на тортурата. Всушност, Мотеска во своите проекти говори како женското тело (а оттука и женското воопшто) е третирано во стварноста, при што таа тоа ниту отворено го критикува, ниту бара доследна еманципација, туку едноставно ги извлекува овие присутности од стварноста и уметнички ги транспонира. Таа овој третман и ваквиот идентитет најчесто го дефинира како крајностоен со што дискурсот за женското во македонската современа уметност добива едно специфично и автентично појавување.

Видео инсталацијата "Корида или час по убивање (умирање)" е поставена во Музеј на современата уметност во Скопје, 2002 година.

Куратор:

Билјана Петровска Исијанин

Организација:

Центар за современи јавни уметности
Елементи-Битола

elementi
CENTER FOR CONTEMPORARY PUBLIC ARTS / BITOLA
ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ ЈАВНИ УМЕТНОСТИ / БИТОЛА

Текст:

Небојша Вилиќ (Ж. Вангели, А. Мазневски, И. Димитрова, М. Мотеска, И. Тошевски)
Билјана П. Исијанин (Вовед, Група "Елементи")

Благодарност на:

Завод, музеј и галерија-Битола
Бутик Bitsiani-Битола

Проектот е реализиран со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија

Министерство за култура